РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-991/1
11.02.2019 год.
КОЧАНИ

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
АВТО ПЕТРОЛ ДООЕЛ
Бр. 0307-86/1
11.02.2019 год.
КОЧАНИ

# Договор

**Склучен помеѓу:**

**1. Општина Кочани**, со седиште на ул. "Раде Кратовче" бр.1 - Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган ( во натамошниот текст: **Купувач) и**

**2. Друштво за трговија и услуги „Авто Петрол" ДООЕЛ Кочани**, со седиште на ул."Тодосија Паунов" бр.125 Кочани, ЕДБ:4013013510147, ЕМБС:6892450, застапувано од Управителот Климе Митев ( во натамошниот текст: **Продавач**).

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е купување и испорака на стока, односно:

**- Набавка на моторни бензини и дизел гориво за службените возила на Општина Кочани, и тоа:**

| Ред. Бр. | Опис |
|---|---|
| **1** | **2** |
| 1 | ЕУРОСУПЕР БС 95 |
| 2 | ЕУРОСУПЕР БС 98 или ЕУРОСУПЕР БС 100 |
| 3 | ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) |

Предметот на набавката е детално опишан во спецификацијата, составен дел на тендерската документација бр.05-2626/3 од 24.12.2018 год., за спроведување на Постапка со барање за прибирање на понуди, која постапка се спроведува во електронска форма и завршува со е-аукција, како последна фаза за доделување на договорот за јавна набавка, со објавување на Оглас бр.05-2626/4/2018, објавен на ЕСЈН, а врз основа на Одлука за јавна набавка бр.05-2626/2 од 19.12.2018 год.

**Вредност на договорот**

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на Договорот, согласно проценетата вредност на договорот утврдена во Одлуката за јавна набавка бр.05-2626/2 од 19.12.2018 год. изнесува 508.474,58 ден., односно вкупно планирани средства за реализација на договорот за јавна набавка се во износ од 600.000,00 ден. со вклучен ДДВ 18 %.

Купувачот нема обврска ја потроши вкупната вредност на договорот.

**Извор на средства**

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за јавната набавка ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кочани за 2019 год., Програма Е0 и Д0, Ставка 421.

**Начин и услови на плаќање**

**Член 4**

Согласно Извештајот од спроведена постапка, а во врска со точка 18.4 и 4.5 од тендерската документација, цената по која ќе се наплаќа сукцесивната испорака за литар моторни бензини и дизел гориво ќе биде утврдена на денот на испораката, а ќе се пресметува според важечката малопродажна цена без ДДВ за литар моторни бензини и дизел гориво, определена со Одлука за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата донесена од Регулаторната комисија за енергетика на РМ **кои важат на денот на испораката-полнење на гориво,** намалена за понудениот попуст (процент) на јавното отворање на понудите, **<u>односно намалена за 0,2% (проценти) за секое гориво посебно.</u>**

Корекција на пресметаниот попуст изразен во <u>проценти</u> не е дозволен и истиот ќе остане фиксен за целото времетраење на важноста на договорот.

**Член 5**

Продавачот на секои 15 дена, треба да достави **фактура** со задолжителен прилог: **потпишани испратници/сметки** за испорачано гориво за секое возило.

При секое полнење на гориво, Продавачот на Купувачот задолжително му издава испратница/сметка во три примерока, од кои едниот примерок задржува овластеното лице кое полни гориво, вториот примерок останува за продавачот на Продавачот, а третиот примерок се поднесува заедно со фактурата. **Издадената испратница/сметка треба да ги содржи следните податоци: марка на возилото, регистерски број, количина и вид на горивото, вкупна цена, датум на полнење, локација на бензиската станица каде е полнето горивото, име и презиме на службеното лице кое бара полнење на гориво, име и презиме на работникот на бензиската станица кое полни гориво, потпишана од двете страни.**

**Списокот со податоци за возилата сопственост на Купувачот и овластените лица кои можат да полнат гориво ќе му биде доставен на Продавачот по потпишување на договорот.**

Купувачот плаќањето ќе го врши во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на фактурата со приложените и потпишани испратници доставени во архивата на Купувачот. Плаќањето ќе се врши според цените утврдени од страна на Регулаторна комисија за енергетика, кои важеле на датумот на испорака (полнење на гориво), **намалени за 0,2%.**

Како ден на испорака се смета денот кој е впишан во документот кој ја следи стоката - испратницата.

Продавачот е должен да доставува фактура со месечен извештај за набавено течно гориво и потпишани испратници/сметки за испорачано гориво за секое возило одделно.

Носителот на набавката е должен **во фактурата да го наведе бројот и датумот на Договорот**.

При фактурирањето ДДВ-то ќе биде посебно изразено.

**Квалитативен прием**

**Член 6**

Испораката на горивата ќе се врши на бензинска станица на Продавачот со полнење на гориво во возилата на Купувачот.
Купувачот сукцесивно према потребите ќе набавува течни горива - моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС–95, ЕУРОСУПЕР БС–98 или ЕУРОСУПЕР БС-100 и дизел гориво – ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д–Е-V).

Квалитетот на моторните бензини треба да биде во согласност со стандардот МКС EN 228:2013 "или еквивалентно".
Квалитетот на дизел горивото треба да биде во согласност со стандардот МКС EN 590:2009 "или еквивалентно".
Квалитетот на горивата да биде во согласност и со важечкиот Правилник за квалитет на течните горива (Сл. весник на РМ бр. 88/07, 91/07, 97/07, 105/07, 157/07, 15/08, и 81/09).

Испораката на течните горива се смета за извршена со издавање на потврда/сметка, потпишана од овластеното лице на Купувачот и овластено лице на Продавачот на начин опишан во чл.5.

**Договорна казна**

**Член 7**

Во случај кога Продавачот нема да ја испорача стоката според утврдениот квалитет или квантитет, па заради тоа падне во задоцнување, истиот е должен да му плати на Купувачот договорна казна во висина од 0,5 % (проценти) од вкупната вредност утврдена во чл. 2 од овој Договор, за секој ден задоцнување.

Договорната казна не може да надмине 5% (проценти) од вкупната вредност утврдена во чл. 2 од овој Договор.

Во случај на неисполнување на обврската, Купувачот може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

**Ослободување од одговорност**

**Член 8**

Договорните страни се ослободени од одговорност за преземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизивикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на Договорот.

Како случаи, настани и околности настанати независно од волјата на договорните страни се сметаат: војна и воени дејствија, штрајк, мобилизиацција, пожар, поплава, земјотрес, сообраќајни и други катастрофи, акти на органите на власта, акти или такви нарушувања на пазарот кои во значителна мера ќе го оневозможат континуираното снабдување на стоката и во други случаи што непосредно ќе влијаат врз извршувањето на обврските.

**Раскинување на Договорот**

**Член 9**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон квалитетна, ефективна и ефикасна реализација на договорот, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине договорот.

**Член 10**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа писмено да ја извести другата договорна страна во рок од 30/триесет/ дена.

**Член 11**

Со писменото известување се смета дека договорот е еднострано раскинат по истекот на отказниот рок од чл.8 на овој Договор.

По раскинувањето на Договорот, странките се должни да ги порамнат настанатите обврски до раскинувањето на Договорот.

***Времетраење на важноста на договорот***

**Член 12**

Овој договор стапува на сила на 23.02.2019 година.

Времетраењето на важноста на овој Договор за јавна набавка е една година, сметано од денот на стапување на сила на истиот или до потрошување на вредноста на договорот.

***Општи и завршни одредби***

**Член 13**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 14**

За сѐ што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од ЗОО и другите позитивни законски прописи што важат во РМ и ја регулираат материјата, предмет на овој договор.

**Член 15**

За евентуален спор по овој договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 16**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири) примероци за Купувачот и 2 (два) примероци за Продавачот.

| | |
|---|---|
| ***за Продавачот,*** | ***за Купувачот,*** |
| ***"Авто Петрол" ДООЕЛ Кочани*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник,*** |
| ***( Климе Митев )*** | ***(Николчо Илијев)*** |

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ АВТО ПЕТРОЛ ДООЕЛ КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на одделение за правни и општи работи – Венцо Бојков*
*Согласност: Помошник Раководител на Сектор за правни и општи работи и јавни дејности – Анна Кралева*